- ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КИЧЕВО
- INSTITUCIONI PUBLIK QENDRA PËR PUNË SOCIALE - KËRÇOVË

Архивски број: 10-3349/2
Датум: 07.08.2026 г

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 и став 3 и 5, член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен Весник на РМ" бр. 27/14, 199/14,154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Сл. Весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл. Весник на РСМ" бр. 259/24) и член 188 став 6 од Законот за социјална заштита („Сл. Весник на РСМ" бр. 104/19, 46/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Директорот на ЈУ Центар за социјална работа Кичево, објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 02/2026
за унапредување на 1 (еден) административен службеник

ЈУ Центар за социјална работа Кичево објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следново работно место:

1. СОЗ0102Б04002 Раководител на оддел за административни и помошно-технички работи во Оддел за административни и помошно-технички работи, 1 (еден) извршител

А) Општи услови согласно законот
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Б) Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот:
Вид на образование:
- Економски науки, Правни науки и Социјална работа и социјална политика

Стручни кавалификации:

- Ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен

Работно искуство: за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работното место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

В) Општи работни компетенции:

- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- ориентираност кон странките/засегнати страни,
- раководење, и
- финасиско управување.

Г) Посебни работни компетенции

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски); и
- потврда за положен испит за административно управување.

Распоред на работно време: работни часови во неделата 40 часа, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето плата изнесува 50.000,00 денари.

Покрај горенаведените посебни услови предвидени во Правилникот за систематизација на работни места на ЈУ Центар за социјална работа Кичево, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и условите утврдени во член 48 став 5 од Законот за административни службеници:

- да биде оценет со оцена А или Б при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас, или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво; и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас на web страната на Агенција за администрација и на оглсна табла во ЈУ ЦСР Кичево.

Заинтересираните кандидати заедно со пријавата треба да ги достават следните документи:

- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- доказ за општа здравствена способност (не постаро од 6 месеци);
- потврда/уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци);
- доказ за соодветното работно искуство;
- доказ за завршено образование;
- доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.
Пријавата со потребната документација треба да се достави преку архива на: ЈУ Центар за социјална работа Кичево, ул. Санде Штерјоски бр. 13, Кичево до Оддел за административни и помошно-технички работи.

ДИРЕКТОР/DREJTOR
Pajtime Mehmedi
Mehmedi

Јавна Установа Центар за социјална работа Кичево
пријава по интерен оглас бр. 02/2026

| | | | |
|---|---|---|---|
| Податоци за оглсот | | | |
| Број на интерен оглас | | | |
| Реден број на работното место за кое што се пријавува | | | |
| Назив на работното место за кое што се пријавува | | | |
| Податоци за кандидатот | | | |
| Име и презиме | | | |
| Тековно работно место | | | |
| Звање и шифра | | | |
| Сектор | | | |
| Одделение | | | |
| Датум на распоредување на тековното работно место | | | |
| Контакт телефон | | | |
| Податоци за исполнување на посебни услови | | | |
| Степен на образование или стекнати кредити | | | |
| Вид на образование | | | |
| Насока | | | |
| Датум и број на диплома | | | |
| Податоци за работно искуство во струката | | | |
| Податоци за нивото и звањето на административниот службеник во последните 2 години пред објавувањето на интерниот оглс | | | |
| | | | |
| Податоци за оценување | | | |
| Податоци за оценување во последните 3 години пред објавување на огласот | 2023 | 2024 | 2025 |
| | | | |
| Податоци за изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на огласот | | | |
| | | | |

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците наведени во образецот за пријавата се веродостојни.

Датум на пријавување: Потпис на кндидатот

Јавна установа центар за социјална работа-Кичево
Ул. „Санде Штерјоски" бр.13
Република Северна Македонија

Institucioni Publik Qendra për Punë Sociale -Kërçovë
Rr."Sande Shterjoski" nr.13
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 045/225-326
www: jucsr-kicevo.mk
e-mail:jumcsrKicevo@mtsp.gov.mk